Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-2-2016

## Резиме

- БДП во К-2-2016 во однос на истиот квартал 2015 година забележа реален раст од 2,2%, придвижен од растот на инвестициите и извозот;
- Бројот на вработени во К-2-2016 е повисок за 3% во однос на истиот квартал 2015 година. Бројот на невработени се намали за 11,3%, што резултираше со намалување на стапката на невработеност во К-2-2016 на 24%;
- Стапката на инфлација во К-2-2016, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува -0,7% на годишна основа;
- Просечната бруто-плата во К-2-2016 изнесува 32.736 денари и бележи раст од 1,6% на номинална основа, односно раст од 2,3% на реална основа, споредено со бруто-платата во К-2-2015;
- Вкупните буџетски приходи во К-2-2016 се повисоки за 2,7%, додека вкупните буџетски расходи се намалени за 1,9% споредено со истиот квартал во 2015 година;
- Вкупниот депозитен потенцијал на банките во К-2-2016 се намали за 2,9% на квартална основа;
- Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-2-2016 бележи пад од 2% на квартално ниво;
- Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јуни 2016 година се намали за 4,2% во однос на март 2016 година. Вкупниот промет остварен на берзата во К-2-2016 регистрираше раст од 54,6% споредено со претходниот квартал;
- Во К-2-2016 е забележан раст на извозот од 1,9% и на увозот од 5% на годишна основа, со што вкупната надворешно-трговска размена изразена во евра забележа раст од 3,7%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

**БДП** во К-2-2016 во однос на истиот квартал 2015 година забележа реален раст од 2,2%. Номиналниот раст на БДП во К-2-2016 изнесува 5,7% на годишна основа, со што БДП дефлаторот изнесува 3,4%.




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-2-2016 позитивни остварувања забележаа повеќе дејности. Економскиот раст е придвижен од Градежништвото, што забележа висок раст од 31%. Земјоделството продолжи со поволните движења во К-2-2016 и забележа раст од 2,3%. Во рамки на услугите раст забележаа дејностите: Стручни, научни, технички и административни дејности (11,5%), Финансиски и дејности на осигурување (4,9%), Информации и комуникации (1,3%) и Трговија, транспорт и угостителство (0,2%), додека пад забележаа секторите: Дејности во врска со недвижен имот (1,3%), Јавна управа и одбрана, образование и здравство (2,9%) и Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (12,8%). Индустријата во К-2-2016 забележа пад од 1,8%, како резултат на намаленото производство во Рударството и Снабдувањето со електрична енергија и гас, во услови на скоро непроменето производство во Преработувачката индустрија.

Согласно месечните податоци за индустриското производство, во К-2-2016 **индустријата** забележа раст од 1,5%, кој се должи на остварените позитивни движења кај: преработка на дрво и производи од дрво и плута (48,2%), производство на производи од гума и пластични маси (38,8%), производство на моторни возила (36,7%), производство на компјутерски, електронски и оптички производи (33,7%), производство на останата опрема за транспорт (26,9%), производство на тутунски производи (20,9%), производство на пијалаци (18,0%), производство на други неметални минерални производи (15,8%), производство на електрична опрема (15,3%), поправка и инсталирање машини и опрема (14,6%), производство на мебел (13,5%), производство на машини и уреди (12,2%), производство на текстил (7,6%) и производство на прехранбени производи (5,0%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 14 гранки, кои сочинуваат 51,0% од индустриското производство.

Пад во индустријата е остварен кај: вадење јаглен и лигнит (38,3%), снабдување со електрична енергија и гас (22,8%), производство на кожа (22,5%), производство на хемикалии и хемиски производи (14,8%), производство на хартија и производи од хартија (12,5%), вадење руди на метал (12,2%), вадење други руди и камен (10,0%), производство на метали (7,5%), производство на фабрикувани метални производи (1,6%), производство на облека (0,6%), печатење и продукција на снимени медиуми (0,4%), производство на основни фармацевтски производи и препарати (0,2%) и останата производствена индустрија (8,5%).

Графикон 1.2. Годишна стапка на раст на индустриското производство; Извор: ДЗС




Анализирано според расходната страна на БДП, економскиот раст во К-2-2016 е придвижен од инвестициите и извозот. Бруто-инвестициите забележаа реален раст од 9,2%, во услови на раст на градежната активност во земјата, но и зголемен увоз на средства за работа (машини и опрема) и зголемено производство на капитали производи, како индикативни показатели за инвестициите во основни средства.

Извозот на стоки и услуги забележа реален раст од 7,1%, главно како резултат на растот на извозот на капацитетите во слободните економски зони, во услови на поволни движења на надворешната побарувачка, односно солиден раст на економската активност во ЕУ, како најзначајна дестинација за пласман на македонските производи. Увозот на стоки и услуги порасна за 6,9% на реална основа.

Позитивен придонес врз растот на БДП во К-2-2016 имаше и финалната потрошувачка (1,4%), како резултат на растот на приватната потрошувачка од 2,2%, што во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста и платите. Јавната потрошувачка во К-2-2016 забележа пад од 1,9% на реална основа.

Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија и во К-2-2016. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 3% во однос на истиот квартал 2015 година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 11,3%. Бројот на активно население забележа пад од 0,8%.

Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-2-2016 да се намали на 24%, односно за 2,8 процентни поени (п.п.) споредено со истиот квартал претходната година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,5 п.п.. Стапката на вработеност во К-2-2016 изнесува 42,9% и во однос на истиот квартал 2015 година е повисока за 1,2 п.п.. Активното население претставува 56,5% од вкупното работоспособно население, што е намалено за 0,5 п.п. во споредба со истиот квартал 2015 година.

Графикон 1.3. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




## 2. Цени, плати и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2016 забележа пад од 0,7% во однос на истиот квартал 2015 година, по падот од 0,1% забележан во претходниот квартал. Падот на потрошувачките цени во К-2-2016 е резултат на намалените цени во категориите: Транспорт од 4,3%, Храна и безалкохолни пијалаци од 2,0%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7% и Останати стоки и услуги од 0,5%. Највисок раст на цените во К-2-2016 е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,6%, следен од категориите: Рекреација и култура од 3,5%, Комуникации од 1,8%, Облека и обувки од 1,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 0,9%, Ресторани и хотели од 0,8%, Образование од 0,4% и Здравје 0,2%.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-2-2016 споредено со истиот квартал 2015 година забележаа намалување од 0,8%, по падот од 0,5% забележан во претходниот квартал. Падот на цените на мало во К-2-2016 се должи на намалените цени на стоките од 1,4%,

додека цените на услугите забележаа зголемување од 0,3% споредено со истиот квартал претходната година. Во рамки на категоријата Стоки, падот на цените на земјоделските производи изнесува 7,9%, а на индустриските производи 0,7%. Намалените цени на индустриските производи се резултат на пониските цени на непрехранбените индустриски производи од 1,8%, а кај останатите групи производи е забележано зголемување на цените. Така, малопродажната цена на тутунот е повисока за 7,9%, на пијалаците за 0,2%, а на прехранбените индустриски производи за 0,1%.

Графикон 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2016 изнесува 22.289 денари и е за 1,6% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал 2015 година. На реална основа, нето-платата регистрира зголемување од 2,3%. Просечната месечна **бруто-плата** изнесува 32.736 денари и бележи раст од 1,6% на номинална основа, односно раст од 2,3% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-2-2016 е намалена за 0,8%, како резултат на понискиот раст на економската активност од растот на бројот на вработени во економијата.

## 3. Фискален сектор

Во вториот квартал од 2016 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 2,7% во однос на истиот квартал 2015 година, придружено со позабавено зголемување на буџетските расходи, кои се повисоки за 1,9%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-2-2016 да изнесува 1.312 милиони денари или 0,9% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 786 милиони денари, односно 0,5% од кварталниот БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 28,1% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 2,7% споредено со истиот квартал 2015 година, што се должи на повисокото остварување на даночните приходи за 6,8%, повисоките придонеси за 4,7%, додека неданочните приходи забележаа пониска реализација, односно намалување од 4,3%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана

повисока наплата кај акцизите, данокот на додадена вредност, персоналниот данок и царинските давачки, додека кај данокот на добивка и приходите од други даноци беше реализирана пониска наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 47,9% од вкупните даночни приходи и во К-2-2016 се повисоки за 13,4% споредено со истиот квартал 2015 година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата.

Приходите од акцизи се повисоки за 17,4% споредено со истиот квартал 2015 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 6,3%, додека приходите од данокот на добивка се пониски за 23,9% во однос на истиот квартал претходната година, при што треба да се има предвид дека намалените приходи од овој данок главно се резултат на намалувањето на доплатите по даночни биланси.

Гледано од аспект на структурното учество во БДП, приходите од директни даноци, на годишна основа, го намалија своето учество во БДП за 0,7 п.п. (4,2% од кварталниот БДП), додека учеството на приходите од индиректни даноци во БДП е зголемено за 0,9 п.п., односно изнесува 12,5% од БДП во К-2-2016.

Графикон 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2-2016;
Извор: МФ




Индиректните даноци во вториот квартал од 2016 година забележуваат зголемување од 14,3%, додека директните даноци намалување од 10,1% во однос на К-2-2015.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 4,7%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 4,6%, кај придонесите за здравствено осигурување од 4,9% и кај придонесите за вработување од 4,9%. Неданочните приходи, кои претставуваа 1,7% од кварталниот БДП, беа реализирани за 4,3% помалку во однос на истиот квартал во 2015 година.

Капиталните приходи, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-2-2016 беа пониски за 78,6% на годишна основа. Споредено со К-2-2015, приходите по основ на донации од странство се повисоки за 9,3%.

Вкупните буџетски расходи во К-2-2016, со учество од 29,0% во кварталниот БДП, забележаа пониска реализација за 1,9% споредено со истиот квартал 2015 година. Тековните расходи, што претставуваа 27,0% од кварталниот БДП, забележаа учество од 93,0% во вкупните расходи и беа реализирани за 0,9% помалку на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 17,6% помалку, а кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 5,8% во однос на истиот квартал во 2015 година. Средствата за трансфери, што учествуваа со 67,0% во вкупните расходи, беа реализирани за 0,4% повеќе во споредба со истиот квартал 2015 година. Социјалните трансфери забележаа раст од 5,8% и учествуваа со 51,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 7,9% и забележаа учество од 31,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,1%, односно забележаа намалување од 13,4% споредено со истиот квартал во 2015 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 3,2%, додека субвенциите и трансферите беа реализирани за 34,7% помалку.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 7,0% на годишна основа, при што расходите по камати на домашен долг забележаа намалување од 17,5%, а каматните расходи за странскиот долг се зголемени за 10,5%.

Капиталните расходи што претставуваа 2,0% од кварталниот БДП, се пониски за 13,5% споредено со истиот квартал 2015 година и оствариja учество од 7,0% во вкупните расходи.

Вкупниот државен долг на крајот на К-2-2016 изнесуваше 36,9% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,6 п.п. во однос на К-1-2016. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг, во однос на К-1-2016, беше зголемено за 0,8 п.п. и изнесуваше 60,5% од вкупниот државен долг. Учеството на внатрешниот долг беше намалено на 39,5% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.2. Државен долг и негова структура; Извор: МФ



# 4. Монетарно-финансиски движења

Во вториот квартал од 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја зголеми основната каматна стапка за 0,75 п.п. односно од 3,25% на 4,0%. Ваквото затегнување на монетарната политика се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во јуни 2016 година изнесуваше 0,5% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[1] во К-2-2016 регистрираа раст на квартална основа од 3% (во претходниот квартал беше регистриран раст од 0,3%), како резултат на зголемувањето на вкупната ликвидност на банките и готовите пари во оптек за 5,4% и 0,7%, соодветно. Во однос на К-2-2015, примарните пари се зголемија за 9,5% (во К-1-2016 беше регистриран раст од 7,6%), во услови на раст на готовите пари во оптек од 8,6% и раст на вкупната ликвидност на банките од 10,4%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Во К-2-2016 најтесната парична маса **М1** забележа намалување од 3,9% во однос на претходниот квартал. **Монетарниот агрегат М2** забележа пад од 2,9%, а најширокиот **монетарен агрегат М4** се намали за 2,6%.

**Вкупниот депозитен потенцијал**[2] на банките во К-2-2016 се намали за 2,9% на квартална основа, за разлика од претходниот квартал кога депозитниот потенцијал се зголеми за 0,1%. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и домаќинствата се намалија за 3,4% и 3,5%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал денарските депозити се намалија за 5%, додека девизните депозити се зголемија за 0,2%. Степенот на евроизација е зголемен за 1,3 п.п. во споредба со претходниот квартал, односно изнесува 42%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

---

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[2] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2016, споредено со претходниот квартал, се зголеми и изнесува 27,4% (во К-1-2016 изнесуваше 27,2%), како резултат на намалувањето на долгорочните депозити за 2% во однос на претходниот квартал. Краткорочните депозити во анализираниот период забележаа намалување од 2,1%.

**Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2016 забележа квартално намалување од 2% (наспроти растот од 0,1% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 0,2%, додека кредитите кон приватните претпријатија се намалија за 3,8%. Од валутен аспект, денарските и девизните кредити во К-2-2016, споредено со претходниот квартал, се намалија за 1,3% и 4,8% соодветно. Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2016 во однос на претходниот квартал бележат раст од 3,3%, а краткорочните кредити се намалија за 1,5%.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки; Извор: НБРМ




**Каматната стапка** на денарските кредити во К-2-2016 изнесува 6,6% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2016 изнесува 5,5% и е намалена за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматните стапки на денарските и девизните депозити во К-2-2016 останаа непроменети на квартална основа и истите изнесуваат 2,5% и 1,1%, соодветно. Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2016 изнесува 6%, а на новоодобрените девизни кредити 5%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 1,8% и 0,9%, соодветно.

Графикон 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10; Извор: Македонска берза




На **пазарот на капитал** во К-2-2016 се забележа раст на вкупниот промет на берзата за 54,6% во споредба со претходниот квартал, што се должи на

зголемениот промет од блок трансакциите за 2,2 пати (220%), како и на растот на прометот од класичното тргување за 29,6%. Во однос на истиот квартал претходната година, вкупниот промет забележа раст од 15,2%, во услови на зголемување на прометот од блок трансакциите за повеќе од 4 пати (415,6%), додека прометот од класичното тргување се намали за 8,8%.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на вториот квартал изнесуваше 1.706,97 индексни поени, што претставува пад од 4,2% во однос на март 2016 година, додека во однос на јуни 2015 година индексот е повисок за 4%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-2-2016 вкупната надворешно-трговска размена со странство изнесува 2.610,2 милиона евра и бележи раст од 3,7% во однос на истиот квартал 2015 година.

Графикон 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




Во К-2-2016 **извозот** на стоки изнесува 1.054,7 милиони евра и во однос на К-2-2015 е забележан раст од 1,9%, а во однос на претходниот квартал раст од 7,3%.

**Анализирано по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот во К-2-2016 во однос на истиот квартал минатата година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди за 19,5% (во чии рамки раст забележаа категориите: индустриски машини и делови за 20,4% или 20,6 милиони евра; друмски возила за 54,5% или 14,6 милиони евра и електрични машини, апарати и делови за 13,3% или 13,7 милиони евра);
- разни готови производи за 5,7% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 32,1% или 9,3 милиони евра);
- производи за храна за 12% (овошје и зеленчук за 21,7% или 8,1 милион евра);
- пијалаци и тутун за 25,5% (тутун и производи од тутун за 23,5% или 3,2 милиона евра и пијалаци за 28,1% или 3,1 милион евра);

- хемиски производи за 1,8% (хемиски материи и производи за 1,4% или 3,1 милион евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани по материјалот за 22,3% (во чии рамки категоријата железо и челик забележа пад од 30,2% или 44,4 милиони евра);
- суровини освен гориво за 19,6% (метална руда и отпадоци од метал за 23,1% или 10,3 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 27,9% (електрична енергија за 91,9% или 4,1 милион евра).

**Гледано по економска намена**, во К-2-2016 најголемо учество во извозот има категоријата стоки за индустриски набавки (46,7%), по која следуваат: стоки за широка потрошувачка (16,5%), производи за инвестиции без транспортна опрема (14,2%), транспортна опрема (12,2%), храна и пијалаци (9,7%) и горива и мазива (0,9%).

**Увозот на стоки** во К-2-2016 изнесува 1.555,5 милиони евра и е зголемен за 5% во однос на К-2-2015 година, а во однос на претходниот квартал е забележан раст од 14,7%.

**Анализирано по сектори** на СМТК, позитивно придвижување на увозот во К-2-2016 во однос на К-2-2015 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 13,3% (во чии рамки раст забележаа категориите: обоени метали за 12,1% или 23,2 милиона евра; изработки од неметални минерали за 32,6% или 21,7 милиони евра и железо и челик за 16,6% или 11,7 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 10,5% (друмски возила за 34,4% или 21,7 милиони евра; електрични машини, апарати и делови за 9,7% или 8,5 милиони евра и индустриски машини и делови за 14,2% или 6,6 милиони евра);
- хемиски производи за 5,9% (хемиски материи и производи за 26,4% или 8,4 милиони евра и медицински и фармацевтски производи за 24% или 7,4 милиони евра);
- разни готови производи за 22,6% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 50,5% или 5,1 милион евра; професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 44,7% или 4,4 милиони евра и облека за 23,2% или 3,3 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 13,3% (тутун и производи од тутун за 24,5% или 2,1 милион евра).

Негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- суровини освен гориво за 42,9% (во чии рамки пад бележи категоријата метална руда и отпадоци од метал за 67,4% или 22,4 милиони евра);

- o минерални горива и мазива за 23,3% (нафта и производи од нафта за 18,9% или 21,4 милиони евра);
- o производи за храна за 2,3% (добиточна храна 30,4% или 2,6 милиони евра и месо и преработки од месо за 4,1% или 1,3 милиони евра).

**Гледано по економска намена,** во К-2-2016 најголемо учество во увозот има категоријата стоки за индустриски набавки (51,3%), по која следуваат: производи за инвестиции без транспортна опрема (13,2%), стоки за широка потрошувачка (11%), храна и пијалаци (9,7%), горива и мазива (7,7%) и транспортна опрема (6,9%).

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2016
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Во К-2-2016, надворешно-трговската размена на Македонија со Европската унија (ЕУ28) е зголемена за 8% во однос на К-2-2015, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена изнесува 70,1% и е зголемено за 1,4 п.п. споредено со вториот квартал во 2015 година. Притоа, во К-2-2016 извозот на стоки учествува со 79,5%, а увозот на стоки со 63,7%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија, во К-2-2016 **тековната сметка** на билансот на плаќања оствари дефицит од 169,4 милиони евра, односно 7,1% од БДП, наспроти дефицитот од 3,6% од БДП забележан истиот квартал минатата година.

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2016 е продлабочен за 87,3

милиони евра, што се должи на зголемениот дефицит на сметката на стоки за 15,1%, намалениот прилив на сметката на секундарен доход за 11,5%, како и повисокиот дефицит на сметката на примарен доход за 2%. Спротивно влијание имаше подобрувањето на суфицитот на сметката на услуги за 42,2%.

Во К-2-2016, во услови на поголем раст на увозот од извозот на стоки, **трговскиот дефицит** на годишно ниво забележа проширување за 66,7 милиони евра и изнесува 21,2% од кварталниот БДП, што е за 1,8 п.п. повисок од дефицитот остварен во истиот квартал на 2015 година.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2016 изнесува 74,7 милиони евра и во однос на истиот квартал лани е зголемен за 22,2 милиона евра.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во К-2-2016, во однос на истиот квартал во 2015 година е зголемена за 0,1 п.п. и изнесува 114% од кварталниот БДП.

Графикон 5.4. Тековна сметка на платниот биланс (салдо); Извор: НБРМ




Сметката на **примарен доход** во К-2-2016 забележа дефицит од 57,9 милиони евра и на годишно ниво забележа продлабочување за 1,1 милион евра.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2016 изнесува 320,7 милиони евра и е намален за 41,6 милиони евра на годишно ниво. Падот се должи на намалувањето на приватните нето-трансфери за 48,2 милиона евра, кои во сметката на секундарен доход учествуваат со 95%, а официјалните нето-трансфери се зголемени за 6,6 милиони евра.

Салдото на **капиталната сметка** во К-2-2016 изнесува 2,7 милиони евра и во однос на истиот квартал лани е зголемено за 1,7 милиони евра, што во целост се должи на зголемениот прилив на капитални трансфери.

**Нето-кредитирањето** на земјата во К-2-2016 изнесува 166,7 милиони евра и на годишно ниво е зголемено за 85,6 милиони евра.

**Директните инвестиции** во земјата во К-2-2016 изнесуваат 60,3 милиони евра и во однос на К-2-2015 се намалени за 14,7 милиони евра. Приливот на директни инвестиции во овој период е најмногу по основ на сопственички капитал.

**Портфолио инвестициите** во К-2-2016 се негативни и изнесуваат 6,6 милиони евра, што претставува влошување на салдото за 15,5 милиони евра во однос на К-2-2015.




**Останатите инвестиции** во К-2-2016 изнесуваат 17,9 милиони евра и се зголемени за 0,4 милиони евра споредено со К-2-2015. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 46,3 милиони евра, трговските кредити 4,9 милиони евра, додека заемите бележат негативно салдо од 33,3 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот од вториот квартал во 2016 година изнесуваат 2.158,8 милиони евра и се намалени за 4,3% во однос на истиот квартал 2015 година. Девизните резерви на крајот на К-2-2016 обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период од 4,3 месеци, што претставува адекватно ниво на резерви.